РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
СУ04.бр.95 /22-5
15.12.2023 год.
КИЧЕВО

Претседателот на Основен суд Кичево Флутурије Дервиши, врз основа на чл.43 ст.1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14),врз основа на објавен интерен оглас бр.2/22 на Основен суд Кичево, а по спроведената постапка за унапредување на судски службеници во звање Виш судски соработник, Категорија „В" , ниво „В2", 2 (двајца) извршители, на ден 15.12.2023 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## - За избор на судски службеници -

Врз основа на Предлог-одлука СУ04.бр.95/22-3-8 од 12.12.2023 година и Конечна ранг листа СУ04.бр.95/22-3-7 од 12.12.2023 година,доставени од страна на на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници во звање Виш судски соработник, Категорија „В" , ниво „В2", 2 (двајца) извршители,СЕ ИЗБИРААТ кандидатите :

**1.ИГОР ПЕТРЕСКИ**

**2. ЛИРИДОН ЗЕНКУ**

По конечноста на оваа одлука за избраните кандидати ќе бидат донесени Решенија за унапредување на судски службеници , во звање Виш судски соработник, Категорија „В" , ниво „В2 и решенија за утврдување на плата.

## Образложение

Од страна на Основен суд Кичево на веб страната на судот на ден 30.12.2022 год. објавен е Интерен оглас бр.2/22, за унапредување на судски службеници, со звање Виш судски соработник Категорија „В" , ниво „В2" за 2 (двајца) извршители.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување согласно член 42 ст.6 од Закон за судска слиужба,како и чл.6 ст.4 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас, до Претседателот на судот беа доставена предлог-одлука СУ04.бр.95/22-3-8 од 12.12.2023 година и Конечна ранг листа СУ04.бр.95/22-3-7 од 12.12.2023 година, и тоа кандидатите Игор Петрески и Лиридон Зенку.

Претседателот на судот имајќи го во предвид Конечна ранг листа и Предлог одлуката доставени од Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници на Основен суд Кичево за работното место Виш судски соработник Категорија „В“ , ниво „В2“ , ги избра предложените кандидати Игор Петрески и Лиридон Зенку.

При изборот на кандидатите Претседателот на судот ја имаше предвид Конечна ранг листа и Предлог одлуката доставени од страна на Комисијата за унапредување на судски службеници, врз основа на што се одлучи како во изреката на одлуката, а сето тоа согласно чл.43 ст.1 од Законот за судска служба.

Претседател на судот,
Fluturije Dervishi

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на одлуката, преку Основен суд Кичево до Советот на судска служба.

Д-но: Игор Петрески, Лиридон Зенку и
огласна табла на судот,веб страната на судот